# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА КАРБИНЦИ


| Службен гласник на Општина Карбинци<br>Излегува по потреба | Број 5<br>10 Мај 2018 година | ГОДИНА XXIII |
|---|---|---|

www.opstinakarbinci.gov.mk els.karbinci@mt.net.mk


152.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”, број 5/02) и член 43 став 1 од Статутот на Општина Карбинци (“Службен гласник на Општината Карбинци”, број 3/04), донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАЗРАБОТКАТА, АПЛИЦИРАЊЕТО И УМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ “ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГ ЗА ГРИЖА НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ КОН ИДНИНАТА“ ПО ВТОРИОТ ПОВИК ЗА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ БРОЈ2014C16I5CB006–2018-2 НА ПРОГРАМАТА ИНТЕРРЕГ – ИПА ЗА МЕЃУГРАНИЧНА СОРАБОТКА БУГАРИЈА - МАКЕДОНИЈА, ПРИОРИТЕТНА ОСКА 1, СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1.2

I

Се прогласува Одлуката Одлуката за одобрување на разработката, аплицирањето и имплементацијата на проектот “Воспоставување на дијалог за грижа: нашата заедничка одговорност кон иднината“ по вториот повик за проектни предлози број 2014C16I5CB006 – 2018-2 на програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА за прекугранична соработка Бугарија – Македонија, приоритетна оска 1, специфична цел 1.2, и ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карбинци”.

II

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карбинци”.

Број 0901 – 648/1
10 Мај 2018 година
Карбинци

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
на Општина Карбинци
Јордан Насев,с.р.

153.

Врз основа на член 62 и 64 од Зконот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”, број 5/02) и член 52 од Статутот на Општина Карбинци (“Службен гласник на Општината Карбинци”, број 3/04), а во врска со вториот Повик за проектни предлози број 2014TC16I5CB006-2018-2 на Програмата Интеррег-ИПА за прекугранична соработка Бугарија-Македонија,

Советот на Општината Карбинци на седницата одржана на 07 Мај 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАЗРАБОТКАТА, АПЛИЦИРАЊЕТО И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ "ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ДИЈАЛОГ ЗА ГРИЖА: НАШАТА ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ КОН ИДНИНАТА" ПО ВТОРИОТ ПОВИК ЗА ПРОЕКТНИ ПРЕДЛОЗИ БРОЈ 2014TC16I5CB006-2018-2 НА ПРОГРАМАТА ИНТЕРРЕГ- ИПА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА БУГАРИЈА-МАКЕДОНИЈА, ПРИОРИТЕТНА ОСКА 1, СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ 1.2.

Член 1

СЕ ОДОБРУВА Општина Карбинци како Проектен партнер 1 (PP2) во партнерство со Здружението 12-ти Стол/Република Бугарија/, да учествува во разработката, аплицирањето и спроведувањето на проектот "Воспоставување на дијалог за грижа: нашата заедничка одговорност кон иднината", по вториот Повик за проектни предлози број 2014TC16I5CB006-2018-2 на Програмата Интеррег-ИПА за прекугранична соработка Бугарија-Македонија, Приоритетна оска 1. ЖИВОТНА СРЕДИНА, Специфична цел 1.1. Заштита на животната средина и одржливо искористување на заедничките природни ресурси во регионот на ПГС (преку гранична соработка), со краен рок 11.05.2018 година –меки мерки. Проектот предвидува обуки и размена на искуства помеѓу општините.

Член 2

Советот на Општина Карбинци ГО ОДОБРУВА текст на договорот за партнерство помеѓу Општина Карбинци и Здружението 12-ти Стол, Република Бугарија и ДАВА СОГЛАСНОСТ градоначалникот на Општина Карбинци:

- да го потпише Договор за партнерство со Здружението 12-ти Стол Бугарија, во врска со разработката и спроведувањето на проектот;
- да ги потпише заедно со апликационата форма сите потребни прилози и неопходни документи за проектот;
- да ги преземе сите неопходни правни и фактички дејства во врска со разработката и исполнувањето на проектот.

Член 3

Советот на Општина Карбинци ГАРАНТИРА дека општина Карбинци е спремна, во случај на одобрување на проектот, да обебеди времено достапност на средствата од сопствени/трети извори до верифицирањето на трошоците од Програмата и ДАВА СОГЛАСНОСТ, градоначалникот на Општина Карбинци во буџетот на Општина Карбинци да обезбеди привремена достапност на средства за извршување на прифатливите трошоци за проектот.

Вкупната вредност на проектот е 120.000 евра, од кои максимум 60.000 евра за Општина Карбинци, 0% кофинансирање.

Член 4

Советот на Општина Карбинци ПОТВРДУВА дека утврдените дејности во овој проект одговараат на приоритетите во Стратегијата за развој на Општина Карбинци.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, и ќе се објавуви во "Службен гласник на Општината Карбинци".

Број 0801 - 601/3
07 Мај 2018 година
Карбинци

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
на Советот на Општина Карбинци
Мики Манев,с.р.

154.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 43 став 1 од Статутот на Општина Карбинци ("Службен гласник на Општината Карбинци", број 3/04), донесувам:

**Р Е Ш Е Н И Е**
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД АНГЕЛЌО ИЛИЕВ
ОД СЕЛО ТАРИНЦИ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА ЗА
КУРБАН НА СЕЛО ТАРИНЦИ ПО ПОВОД ВЕРСКИОТ
ПРАЗНИК "СВЕТА ТРОЈЦА" – ПРАЗНИК
НА СЕЛО ТАРИНЦИ

I

Се прогласува Одлуката за одобрување на барањето од Ангелчо Илиев од село Таринци на финасиски средства за Курбан на село Таринци по повод верскиот празник "Света Тројца" – празник на село Таринци, и ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карбинци".

II

Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карбинци".

Број 0901 – 648/2
10 Мај 2018 година
Карбинци

**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
на Општина Карбинци
Јордан Насев,с.р.

155.

Врз основа на член 92 став 2 точка од Статутот на Општина Карбинци ("Службен гласник на општината Карбинци", број 3/04) и член 17 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карбинци за 2018 година ("Службен гласник на Општина Карбинци", број 14/2017),

Советот на Општина Карбинци на седницата одржана на 07 Мај 2018 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ОД АНГЕЛЧО ИЛИЈЕВ ОД СЕЛО ТАРИНЦИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАСИСКИ СРЕДСТВА ЗА КУРБАН НА СЕЛО ТАРИНЦИ ПО ПОВОД ВЕРСКИОТ ПРАЗНИК “СВЕТА ТРОЈЦА“ - ПРАЗНИК НА СЕЛО ТАРИНЦИ

Член 1

Барањето поднесено од Ангелчо Илијев од село Таринци за организирање на прослава по повод празникот на село Таринци “Света Тројца“, односно за Куебан, подвижна кујна со шатор и кувар, **СЕ ОДОБРУВА**, и тоа во износ од **10.000,00 денари**, од кои:

- **9.000,00** денари еднократна парична помош за Курбан по повод празникот на селото таринци,

и

- **1.000,00** денари на име персонален данок.

Средствата од член 1 став 1 алинеа 1 ќе се исплатат на жиро сметка: 200 000361801650, депонент Стопанска банка - Скопје, сосптвеност на Претседателот на Иницијативниот одбор Ангелчо Илиејв со ЕМБГ: 3010957490006.

Член 2

Средствата од членот 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Програма А – Совет на Општина, Потпрограма А0 – Совет на општина, Категорија 41 – Резерви и недефинирани расходи, Трошковна ставка 413 – Тековни резерви (разновидни расходи), Трошковна потставка: 413110 – Тековни резерви (разновидни расходи).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карбинци”.

Број 0801 – 601/4
07 Мај 2018 година
Карбинци

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
на Советот на Општина Карбинци
Мики Манев,с.р.

# С о д р ж и н а


| Ред бр. | | Страна |
|---|---|---|
| 152. | Решение за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на разработката, аплицирањето и имплементацијата на проектот “Воспоставување на дијалог за грижа: нашата заедничка одговорност кон иднината“ по вториот повик за проектни предлози број 2014C16I5CB006 – 2018-2 на програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА за прекугранична соработка Бугарија – Македонија, приоритетна оска 1, специфична цел 1.2 ................................... | 210 |
| 153. | Одлука за одобрување на разработката, аплицирањето и имплементацијата на проектот “Воспоставување на дијалог за грижа: нашата заедничка одговорност кон иднината“ по вториот повик за проектни предлози број 2014C16I5CB006 – 2018-2 на програмата ИНТЕРРЕГ – ИПА за прекугранична соработка Бугарија – Македонија, приоритетна оска 1, специфична цел 1.2 | 211 |
| 154. | Решение за прогласување и објавување на Одлуката за одобрување на барањето од Ангелчо Илиев од село Таринци на финасиски средства за Курбан на село Таринци по повод верскиот празник “Света Тројца“ – празник на село Таринци ........................................................................................... | 212 |
| 155. | Одлука за одобрување на барањето од Ангелчо Илиев од село Таринци на финасиски средства за Курбан на село Таринци по повод верскиот празник “Света Тројца“ – празник на село Таринци ....................................................... | 212 |
| | С о д р ж и н а .......................................................................................... | 214 |